Врз основа на член 161 од Законот за нотаријатот ("Службен весник на Републик Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и Правилникот за начинот на организирањето полагањето на нотарскиот испит ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/19 47/19), Министерството за правда распишува

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTESISË
Бр./Nr 09-1164/1
27.04.2021 20
Скопје/Shkup

# О Г Л А С
## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА НОТАРСКИ ИСПИТ ВО ЈУНСКА ИСПИТНА СЕСИЈА

1.Секој кандидат кој се пријавува на огласот за полагање на нотарски испит треба д ги исполнува следните услови :

- **да е дипломиран правник со четиригодишно високо образование ил дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити н правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),**

- **да има положено правосуден испит и**

- **да има најмалку три години работен стаж на правни работи по положе правосуден испит или две години работен стаж во нотарска канцеларија п положен правосуден испит.**

2. Кандидатот кој се пријавува на огласот за полагање на нотарски испит треба да достави следните документи:

- **пријава во писмена форма** во која читко ќе бидат наведени личните генерали точна адреса, број на лична карта или пасош, име, татково име, презиме, број телефон (мобилен или домашен), адреса на електронско сандаче, **со уплатни** (образец ПП/50) за уплатени парични средства за административна такса полагање на нотарски испит во износ од **50,00 денари**, назив на примачот - Буџет Република Северна Македонија, банка на примачот - Народна банка на Републи Северна Македонија, трезорска сметка на Народна банка на Република Север Македонија бр. **1 000 000 000 63 095**, уплатна сметка **840***03161** (трите ѕвездич се однесуваат на шифрата на општината во која подносителот е жител), приход шифра **72 23 13**, програма **00**,

- **диплома** за завршен Правен факултет со четиригодишно високо образование ил дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),

- **потврда од Агенција за вработување на РСМ** со која се докажува работен стаж правни работи од најмалку три години по положен правосуден испит или д години стаж во нотарска канцеларија по положен правосуден испит,

- **уверение** за положен правосуден испит и

-**доказ** за уплатен износ на предвидените средства за полагање на испитот, однос уплатница (образец ПП/50) на износ од **9.000,00 денари**, уплатени на жиро смет на Министерство за правда, број **070 010 014 063 112** со цел на дознака за полага на нотарски испит, назив на примачот – Министерство за правда, банка на примач - Народна банка на Република Северна Македонија, трезорска сметка на Народ банка на Република Северна Македонија бр. **1 000 000 000 63 095**, приходна шиф **72 30 13**, програма **10**.

**3.** Потребните документи (во оригинал или фотокопие заверено кај нотар) поднесуваат во архивата на Министерството за правда, ул."Димитрије Чуповск бр.9, Скопје.

**4.** Пријавувањето на испитот е од 1 до 15 мај 2021 година.

**5.** За времето и местото на одржување на испитот кандидатите ќе бид дополнително известени со објава на веб страната на Министерството за правда.

**6.** Министерството за правда, за денот на полагањето на поправниот испи дополнително ќе ги извести кандидатите кои не покажале задоволител резултат по еден предмет, односно биле вратени на поправен испит.

**7.** Кандидатите кои ќе полагаат поправен испит ќе треба да поднесат пријава рок од пет дена од денот на објава на резултатите од усниот испит .

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

м-р Бојан Маричиќ

Изготвил:Ана Стојова

Помошник раководител на сектор